ОДУ.бр.231/22

Република Северна Македонија
НОТАР
НАДА ПАЛИЌ
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје
ул."Пролет" број 35 А Скопје
2022.05.12

# ЗАПИСНИК

## од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**
на подрачјето на основните судови на град Скопје
ул."Пролет"број 35А Скопје
2022.05.12
13:00(тринаесет)часот

**ОДУ.бр.231/22**

**ИЗВОД**

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаидваесетивтора година, месец мај, ден дванаесети, врз основа на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 0201-146 од 19.04.2022 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, закажано за ден 12.05.2022 (ден дванаесети, месец мај, двеилјадитаидваесетивтора) година, со почеток во 13:00 (тринаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Годишно собрание на акционери, го сочинив следниот-------------------------------------------------------------------------------------------

**-----------------------------------------ЗАПИСНИК-----------------------------------------**

**-----------------од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје ------------**

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:--------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје е запишано во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија - Скопје, видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020220124227 од 12.5.2022 година.-----------------------------------------------------

Согласно Акционерската книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 10.05.2022 година – 12:09:48 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје /електронски издаден документ/, која е прилог на овој записник, и согласно Акционерската книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 12.05.2022 година – 07:47:24 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје /електронски издаден документ/, која е прилог на овој записник, а кои се водат под ISIN MKTNBA101019, утврдив дека издавачот НЛБ Банка АД Скопје издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на ХВ: 854.061 (осумстотини педесетичетирииилјадиишеесетиеден), со вкупен номинален капитал од 854.061.000,00 МКД (осум стотинипедесетичетиримилиониишеесетиеднаилјададенари), број на гласови 854.061 (осумстотини педесетичетирииилјадиишеесетиеден), состојба-Активен, број на иматели 1012 (еднаилјадаидванаесет) со број на сопственички позиции 1016 (еднаилјадаишеснаесет).------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и правни лица.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, a согласно Одлука за свикување на Годишно собрание на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собранието донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 31.03.2022 година заведена под број 0203-123 од 31.03.2022 година, која е прилог на овој записник и на начин определе во член 387 од Законот за трговските друштва, со Јавен повик во дневен весник "Нова Македонија" о 12.04.2022 (ден дванаесети, месец април, двеилјадитаидваесетивтора) година, во кој е објавено дек Годишното собрание на акционери ќе се одржи на ден 12.05.2022 година, со почеток во 13:00 часот, в просториите на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, а во насока на почитување н мерките за спречување на ширењето на COVID-19, НЛБ Банка АД Скопје препорачува акционери правото на гласање на Собранието на Банката да го остварат со писмена коресподенција (гласање с коресподенција), со цел да се обезбеди успешно одржување на закажаното Собрание, а во кој објавен дневниот ред на Годишното собрание на акционери, кој е прилог на овој записник и на нач определен во член 387 од Законот за трговските друштва.--------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 13:05 часот (тринаесетчасотипетминути) и ја отвори акционерот Маја Ставрева - Стојанова, а по овластување на Донка Марковска-Претседавач на претходното Собрание на акционери одржано на ден 03.02.2022 година која има мандат до избор на нов претседавач на наредното собрание, до Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје заведено под број 02-16542/1 од 12.05.2022 година, кое е прилог на овој записник, која најпрвин ги поздрави присутните акционери и констатира дека предлогот на Дневниот ред на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје уредно е објавен во Јавниот повик во дневниот весник "Нова Македонија" од 12.04.2022 година, како и дека материјалите од ова Собрание согласно јавниот повик за свикување на Годишното собрание беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Секторот за правни работи и секретаријат, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД Скопје www.nlb.mk. Присутни на оваа седница на Собрание на акционери се членот на Управен одбор Петер Зелен, членот на Управен одбор Игор Давчевски и независниот член на Надзорниот одбор Зоран Јовановски.------------

Акционерот Маја Ставрева - Стојанова, констатира дека врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што го верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник, од вкупниот број 853.245 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **746.673 акции со право на глас** што претставува **87,5 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, согласно акционерската книга која е издадена 24 часа пред одржувањето на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Известување за учество на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, 12.05.2022 од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана за неговото присуство преку полномошник адвокат Сања Стрезоска од Скопје од 19.04.2022 година, врз основа на Полномошно дадено од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, заверено од Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ.2257/2022 од 20.04.2022 година.---------------------------------------------

Акционерот Маја Ставрева - Стојанова, истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ќе го завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката.------------------------------------------

Акционерот Маја Ставрева - Стојанова, дека предлогот на дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешното Годишното собрание на акционери се предлага следниот:------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**--------------------------------------------------

1.**Избор** на претседавач на Собранието; -------------------------------------------

2.**Избор** на записничар и на бројач на гласови на Собранието; -------------------------

3.**Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, со:-----------------

*Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година;------------------------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година; -------------------------------------------------

4.**Извештај** на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година со:---------------------------------------------------------

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на----

НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година;-----

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година; -----

**5.Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2021 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2021 година;-----

***Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година; -----

**6.Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор; -----

**7.Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 2021 година, со-----

* **Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година;-----

**8.Предлог - Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор; -----

**9.Предлог – Одлука** за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година;-----

**10.Предлог – одлука** за употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година; -----

**11.Предлог – одлука** за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година; -----

**12.Предлог – одлука** за назначување друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година;-----

**13.Информација** за резултатите од извршената оцена на соодветноста на г.Боштјан Ковач за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.-----

**14.Предлог – одлука** за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.-----

Акционерот Маја Ставрева - Стојанова исто така констатира дека до денешниот ден нема акционери кои го оствариле правото на глас преку писмена коресподенција, согласно член 400-а од Законот за трговските друштва и јавниот повик.-----

Се премина на точка 1 од Дневниот ред **Избор на Претседавач на Собранието.**-----

Акционерот Маја Ставрева - Стојанова истакна дека, согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание, со оглед на тоа што мандатот Донка Марковска-Претседавач на претходното Собрание на акционери истекува со изборот на претседавач на оваа седница на Собранието. Согласно законските прописи претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор.Исто така истакна дека акционерот Богоја Китанчев по пат на писмена кореспонденција до банката на ден 27.04.2022 година, заведено под број 02 14510/1 има доставено писмен предлог за Претседавач на ова собрание да се избере Акционерот Маја Ставрева - Стојанова, кој е прилог на овој записник, а Предлог-Одлуката за избор на претседавач на Собранието е прилог кон материјалите на оваа седница.-----

На ваквиот предлог акционерот Маја Ставрева - Стојанова, праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, Предлог-Одлука за избор на Претседавач на Собранието ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. За предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

---

Акционерот Маја Ставрева Стојанова, констатира дека *Собранието донесе* **Одлука за избор на претседавач на Собранието**, односно **Претседавач на Собранието на акционери**, согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва е избран **акционерот Маја Ставрева - Стојанова**, ул.Мариовска 3 број 14 Скопје, со лична карта број А2614395, ЕМБГ 2605973455075 издадена од МВР Скопје на ден 01.11.2020 година.---

---

Претседавачот на собранието се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка 2 од Дневниот ред **Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието.**---

---

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневен ред истакна дека во писмениот предлог на акционерот Богоја Китанчев по пат на писмена коресподенција до банката од 27.04.2022 година/прилог на овој записник/ за записничар кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието се предлага да биде избрана Нотар Нада Палиќ од Скопје и за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери се предлага да бидат избрани Наташа Чадиковска Поповска и Мила Божиновска-правници од Секторот за правни работи и секретаријат во НЛБ Банка АД Скопје, па праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше забелешки и друг предлог, Предлог-Одлука за избор на записничар и бројач на гласови, ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ---

---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записничар и бројач на гласови**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

---

Се премина на точка 3 од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, со:---

---

***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година;---

---

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година; ---

---

Претседавачот на собранието истакна дека Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, кој е прилог на овој записник, Мислењето кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2021 година од Надзорниот одбор до Собранието на Банката, кој е прилог на овој записник и Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, кој е прилог на овој записник, се прилог кон материјалите за оваа седница, па му даде збор на Г-дин Игор Давчевски – член на Управниот одбор, кој се заблагодари на присуството на овогодишното Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка и се осврна на работењето на Банката во изминатиот период. "Во 2021 година, Банката работеше согласно Деловната политика за 2021 година, Стратешките насоки за развојот и работењето на Банката за 2021-2025 година и насоките на НЛБ Групацијата за 2021 година, прилагодувајќи ги своите тековни оперативни активности и ценовната политика на економските и пазарните услови, согласно промените во законските одредби и промените во деловната политика на НЛБ Групацијата. Наспроти очекувањата за забрзано закрепнување од кризата наметната од пандемијата, предизвиците беа и понатаму присутни низ целата година, со бројни ограничувања во домашната економија и глобално, што особено беа евидентни во првиот квартал од годината. И покрај отежнатите економски текови, Банката оствари одлични резултати во скоро сите сегменти од работењето. Во 2021 година, НЛБ Банка го продолжи трендот на извонредни резултати, завршувајќи ја 2021 година со нето-добивка од 36,1 милиони ЕУР притоа остварувајќи годишен пораст од 30,2%. Реализираниот поврат на капиталот РОЕ изнесуваше 17,0%. Учеството на оперативните трошоци во вкупните нето-приходи изнесуваше 40,5% додека учеството на некаматните приходи во вкупните нето приходи изнесуваше 41,7%. Вкупната актива на Банката достигна 1,8 милијарди ЕУР или 11,6% повеќе во однос на 2020 година како резултат на растот на депозитите за 8,6%, додека кредитите пораснаа за 13,1% преку пораст во двата сегменти – население и правни лица. Уделот на нефункционалните пласмани се одржа ниско на 4,7% од вкупното кредитно портфолио, додека адекватноста на капиталот на Банката изнесуваше 18,0%. Во 2021 година, Банката успеа да го зголеми пазарното учество во многу сегменти од банкарското работење, што е уште еден показател за успешноста на Банката во поглед на обезбедување на континуитет во работните процеси во услови на глобална здравствена и економска криза. Но, покрај финансиските резултати, сметам дека е особено важно да се спомене дека Банката во изминатата година превзема –

---

низа активности од областа на општествената одговорност и грижата за општото добро, за поддршка на компаниите и населението. Следејќи ги трендовите во банкарскиот сектор, Банката во текот на целата година работеше на воведување нови иновативни дигитални функционалности во насока на поголема достапност до клиентите. И покрај Ковид кризата не ги одложивме развојните проекти и како една од клучните двигатели на дигиталната трасформација инвестиравме во дигиталните канали: Електронското банкарство беше збогатено со целосен онлајн процес за аплицирање за потрошувачки кредит, вклучително и дигитално потпишување на документацијата. Апликацијата за мобилно банкарство НЛБ Клик доби нова поинтуитивна и сеопфатна, истовремено и побезбедна верзија. Во октомври непосредно пред отворањето на East Gate Mall беше отворена новата најсовремена дигитална експозитура во рамки на трговскиот центар, а во соработка со Мастеркард, први на пазарот започнавме и со користење електронски идентитет при идентификација на клиентите и далечинско потпишување документи. Во текот на годината, беше збогатена и понудата на небанкарски производи, преку воведување нов продукт со комбинација на производи од инвестициски фондови и животно осигурување, како и воведување на продажба и тргување со акции и средства за физички и правни лица со кои уште еднаш го докажавме своето место како лидер во имплементација на иновативни продукти. Со Европската банка за обнова и развој потпишавме договор за финансиски пакет од 5 милиони ЕУР за поддршка на претпријатијата. Исто така, особено сме горди на учеството во синдицираниот заем за финансирање на првиот приватен проект за ветерници во Република Северна Македонија. Одличните резултати, постигнати пред сè преку инвестиции во дигитализацијата и посветеноста и подготвеноста на нашите вработени, повторно беа наградени: Најдобра банка во Македонија" во 2020 година, во рамки на „European Business Awards" од „EMEA Finance" – петта година по ред. Признание од ЕБОР за придонес во зголемување на свесноста за важноста на енергетската ефикасност преку достапност на заемот на GEFF (Green Economy Financing Facility) за голем број домаќинства,Награда од Македонска берза во категоријата „Акција со најголем пораст на цената во 2021 година".Неоспорно е дека иднината ни носи нови предизвици, но и нови можности. Дигитализацијата останува наша стратешка определба, дигиталната трансформација и понатаму ќе го има главниот збор во претстојните активности. Планираме понатамошно збогатување на нашето портфолио со иновативни продукти и услуги, а истовремено ќе продолжиме да ги модернизираме нашите експозитури за едно поинакво и подобро клиентско искуство. Во периодот кој следи Банката ќе продолжи да биде сериозен партнер и поддршка за сите сегменти од општественото живеење.Грижата за општото добро ќе остане еден од нашите највисоки приоритети, затоа посветуваме особено внимание на општествената одговорност и помагаме онаму каде е најпотребно. Ќе продолжиме со поддршка на проекти во областа на културата, спортот, науката, образованието, животната средина, децата и младите, и со тоа и со нашиот придонес кон подобрување на целокупниот квалитет на животот на поединците, семејствата, институциите и организациите.Во таа насока, преку понудата на "зелени кредити", како и преку поддршка на други значајни проекти во рамки на агендата за одржлив развој и општествено одговорно делување ќе продолжиме со својот придонес кон подобар квалитет на животот во заедницата во која работиме и кон одржлив економски, еколошки и социјален систем.На крајот, би сакал да изразам искрена благодарност во мое лично име и во името на сите вработени во Банката, за вашата континуирана поддршка и доверба како наши акционери, клиенти и деловни партнери, со надеж за унапредување на соработката во периодот што ни претстои". Како никој друг не зема збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.---------------------------------------------------------------------

Се премина на точка 4 од Дневниот ред **Извештај** на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година, со:----------------------------------------------------------

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година;---------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година; -----------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката го разгледува Извештајот на Друштвото за ревизија за финансиските извештаи и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, а согласно Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Банката на Собранието му поднесува писмен Извештај за контрола по Извештајот на Ревизорската куќа, за извршена ревизија на финансиските изврштаи за претходната деловна година.-----------------------------------------------------------

Исто така Претседавачот на собранието истакна дека Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година од 17.03.2022 година, кој е прилог на овој записник, Мислењето кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2021 година од Надзорниот одбор до Собранието на Банката од 12.03.2022 година, кое е прилог на овој записник и Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година, која е прилог на овој записник, се прилог кон материјалите за оваа седница, па му даде збор на претставникот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје Г-дин Владимир Соколовски кој се заблагодари на можноста како претставник на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје да се обрати на ова Собрание. Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје е избрано за ревизор за 2021 година, која ревизија се спроведувала согласно договорените услови и начин на работа. Текот на ревизијата се одвивал во два дела и тоа првиот во текот на ноември/декември, а вториот јануари/февруари. Во текот на ревизијата не биле воочени слабости кои би биле од значење и би имале некаков ефект врз нивното ревизорско мислење, така што финансиските извештаи се изработени согласно регулативата на НБРСМ и согласно меѓународните станадарди на финансиско известување и нивното мислење не е квалификувано мислење, а истакна дека и немаат воочено одредени работи спротивни на стандардите. Изрази благодарност на вработените во НЛБ Банка за подршката во текот на ревизијата во 2021 година со надеж за соработка и во 2022 година. Како никој друг не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија "Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2021 година со мислење на Надзорниот одбор по Извештајот**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------------------------------------------------------

Се премина на точка 5 од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2021 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2021 година;-----------------------------------------------------------

***Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година; -----------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка од дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките, *Надзорниот* одбор на Банката најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката. -----------

Согласно Одлуката на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка оцена на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор се прави еднаш годишно, а Надзорниот одбор е должен да ги земе предвид резултатите од извршената оцена и за истите да го извести Собранието на банката. Во оваа насока во Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2021 година, вклучени се и резултатите од извршената поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор, кој е прилог на овој записник, со Предлог – Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2021 година со вклучените резултати од поединечната и колективната оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2021 година, кои се прилог кон материјалите за оваа седница и се прилог на овој записник, па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2021 година со вклучените резултати од поединечната и колективната оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2021 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2021 година со вклучените резултати од поединечната и колективната оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2021 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.--------------------------

Се премина на <u>точка 6 од Дневниот ред</u> **Предлог – Одлуки за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор.**--------------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата на сите членови на Надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор се гласа подделно за секој член на Надзорниот одбор, па Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Претседателот на Надзорниот одбор, Блаж Бродњак, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на претседателот на Надзорниот одбор Блаж Бродњак**, со содржина како Предлог-Одлуката.--------------------------------------------------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Заменик-претседателот на Надзорниот одбор, Марјета Звер Цанкар до 29.08.2021 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на заменик-претседателот на Надзорниот одбор Марјета Звер Цанкар**, со содржина како Предлог-Одлуката.--------------------------------------------------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Хедвика Усеник до 10.03.2021 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Хедвика Усеник**, со содржина како Предлог-Одлуката.------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Борут Вујичич од 11.03.2021 до 07.12.2021 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Борут Вујичич**, со содржина како Предлог-Одлуката.--------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на член на Надзорниот одбор Андреја Стражишар од 30.08.2021 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Андреја Стражишар**, со содржина како Предлог-Одлуката.

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Кристина Ковачич Бјелајац, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Кристина Ковачич Бјелајац**, со содржина како Предлог-Одлуката.

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на независниот член на Надзорниот одбор Зоран Јовановски, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на на независниот член на Надзорниот одбор Зоран Јовановски**, со содржина како Предлог-Одлуката.

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на независниот член на Надзорниот одбор Матеја Тревен, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на на независниот член на Надзорниот одбор Матеја Тревен**, со содржина како Предлог-Одлуката.

Со тоа Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата во 2021 година на сите членови на Надзорниот одбор.

Се премина на <u>точка 7 од Дневниот ред</u> **Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 202[illegible] година, со

• **Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор на НЛБ Банка А[illegible] Скопје за 2021 година;

Претседавачот на собранието истакна дека Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор н[illegible] НЛБ Банка АД Скопје во 2021 година, кој е прилог на овој записник и Предлог – Одлуката [illegible] одобрување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје [illegible] 2021 година, која е прилог на овој записник, се прилог кон материјалите за оваа седница, па праш[illegible] дали некој бара збор. Како никој не земе збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката [illegible] усвојување на Извештајот за работа на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, [illegible] стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира де[illegible] Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТ[illegible] нема, ВОЗДРЖАНИ нема.

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување [illegible] Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2021 годи[illegible]** со содржина како Предлог-Одлуката.

Се премина на <u>точка 8 од Дневниот ред</u> **Предлог - Одлуки за одобрување на работата [illegible] членовите на Управниот одбор.**

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата и водењето на работењето на Банката од страна на сите членови на Управниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Управниот одбор се гласа подделно за секој член на Управниот одбор, па Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Претседателот на Управниот одбор Антонио Аргир во текот на 2021 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на претседателот на Управниот одбор Антонио Аргир**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на член на Управниот одбор Петер Зелен, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Петер Зелен**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на член на Управниот одбор Гинтер Фриедл, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Гинтер Фриедл**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на член на Управниот одбор Игор Давчевски, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Игор Давчевски**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------

Со тоа Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата во 2021 годинана на сите членови на Управниот одбор.-----------

Се премина на <u>точка 9 од Дневниот ред</u> **Предлог - Одлука за усвојување на годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година**; -----------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банки, Собранието ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката, па Предлог – Одлуката за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за завршната година на 31.12.2021 година, која е прилог на овој записник, со составен дел на истата Биланс на успехот во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, Биланс на состојбата на ден 31.12.2021 година, Државна евиденција-образец ДЕ и Образец за структура на приходи по дејности-СПД, кои се прилог на овој записник, се прилог кон материјалите за оваа седница, па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за завршната година на 31.12.2021 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за завршната година на 31.12.2021 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------

Се премина на <u>точка 10 од Дневниот ред</u> **Предлог – одлука за употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година.**-----------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банките, Собранието на акционери одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година. Согласно годишната сметка и финансиските извештаи на Банката по методологија на НБРСМ за 2021 година, Банката оствари нето добивка од 2.219.107.210 МКД или 36.083.044,07 ЕУР со среден курс 61,5 мкд/еур. Согласно член 483 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Собранието на акционери му предлага распределба на нето добивката за 2021 година. Минималното ниво на капитал кое Банката треба да го одржува почнувајќи од 31.03.2022 година е 15,75% согласно регулаторните барања од Народна Банка односно 16,25%, со вклучен додаток од 50 базични поени како интерен менаџмент додаток, утврден согласно апетитот за ризик и согласно Политиката за управување со капиталот и капиталната адекватност на НЛБ Банка АД Скопје. За исполнување на минималниот потребен капитал по 01.01.2022 година, Банката предлага да задржи дел од остварената добивка во 2021 година (38%) во износ од 846.424.312 МКД или 13.762.996,94 ЕУР со девизен курс 61,5 мкд/еур. Со тоа Банката ќе исплати износ од 630.297.018 МКД или 10.248.732,00 ЕУР со курс 61,5 мкд/еур за дивиденда. Коефициентот на исплата на дивиденда изнесува 28%. Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. За збор се јави акционерот Венко Темелковски кој ги поздрави остварените резултати на Банката во кризната 2021 година, со 30 милиони евра добивка, актива од 1,8 милијарди евра и зголемени депозити на граѓани од 8,6%. Па, постави прашање до Надзорниот одбор со оглед на тоа што Надзорниот одбор ја предлага одлуката 13.760.000 евра да се распределат ваму таму, а 10 милиони да се распределат за дивиденда, а исто така забележа дека со оглед на тоа што Банката има нов прв Директор се надевал дека ќе биде присутен и физички да го запознае и не знае од кои причини не е денес присутен, па сака да му се објасни или да му се одговори, па изрази незадоволство за дивидендата од 2019 година која била 1760,00 денари во нето износ, а по предлог на Гувернерот на НБРСМ истата не била дадена поради специфичните услови, па истата се одложи за 2020, па се одложи за 2021 година, па сега истата никаде не се спомнува. Како приватен инвеститор/акционер во НЛБ Банка изрази незадоволство од приказната што му се ускратени 30 евра одобрена дивиденда за 2019 година, месно распоредена да биде дадена, така што единствена надеж гледа во 13,76 милиони евра кои се распоредени, со надеж дека акционерите ќе бидат собрани и ќе бидат наградени, бидејќи како инвеститор во НЛБ Банка покрај тоа што му се радува на фактот што НЛБ Банка е пет пати прогласена за Банка на годината, како и на фактот што има пораст на профитот секоја година, не може да го скрие незадоволството од не распоредени отприлика 30 евра од 2019 година и во оваа година како најуспешна година, отприлика уште толку колку ќе одлучите сега во наредната точка, но сепак изрази надеж дека ќе има наредно собрание. Па побара коментар од членот на Надзорниот одбор на Банката или членот на Управниот одбор, по повод неговата констатација. За збор се јави членот на Управниот одбор Игор Давчевски кој истакна дека Претседателот на Управниот одбор Бранко Греганoвиќ, моментално е присутен на Форумот "НЛБ ден на инвеститори" кој се одржува во Р.Србија на кој начин ја покажуваат улогата на банката и нивната заинтересираност за регионот, таму сме заедно со клиентите на Банката и ја продолжувме соработката со комитентите во регионот, на што акционерот Венко Темелковски даде забелешка дека е апсолутно треба да биде присутен директорот на тој форум, пред се нашите клиенти се примарни, но датумот на одржување на ова собрание не е фиксен, не морало да биде овој ден, со оглед дека уште пред 30 дена се закажувало. Повторно за збор се јави членот на Управниот одбор Игор Давчевски и во врска со забелешките на акционерот Венко Темелковски истакна дека е потребно да се читаат и да се разбере целокупниот извештај на Банката, а не само да се гледаат износите на распределбата на дивиденда. Изрази задоволство од вредноста на акцијата, што претставува рефлексија на резултатите што Банката ги остварува, тоа претставува нешто што како акционер ја задржува вашата вредноста и треба да бидат сигурни акционерите во иднината на нивниот капитал. Исто така истакна надеж дека контуинираните резултати во наредните години ќе бидат доказ за она што сега се зборува и дека износите на дивидендата во зависност од потребите на банката и задоволувањето на капиталната адекватност, ќе бидат на особено задоволство и на акционерите и на регулаторот, кој што е тука, и е задолжен да обезбеди соодветно покритие на работењето на Банката. Се надева дека овој момент акционерите ќе го детектираат во нивното размислување кон Банката и како ја гледаат нивната инвестиција во однос на НЛБ Банка и се надева дека ваквото незадоволство на акционерите ќе биде во најмала рака амортизирано поради што средствата кои што се редуцираат се во насока на идниот развој на Банката, овозможување на дополнителни кредитни активности кои што побаруваат соодветно ниво на капитал. Кредитните активности и приходите од кредитите на банките, каматните приходи на банките се уште се во исклучително голем износ од вкупните приходи; така што во 2021 година тој беше над 60%. За збор се јави независниот член на Надзорниот одбор Зоран Јовановски кој истакна дека е задоволен на ваквата реакцијата на присутните акционери и добро е да се праша и да се иницира некаков одговор.---

Исто така истакна дека нема да коментира бројки. Во банкарскиот бизнис е повеќе од 25 години од кои 10 години во Народна банка и 15 години во приватниот банкарски сектор, па констатира дека банкарскиот бизис е еден од најрегулираните во светот, пред се затоа што се работи за туѓи пари и одговорноста е огромна. Клучното прашање по него кога он би бил акционер би било дали банката реализира добри резултати, инцидентно или се тие резултати врз основа на контуинирано, систематизирано и добро работење. Она што би требало да биде охрабрување за сите акционери е дека очигледно Банката е во добри раце, се труди бидејќи конкуренцијата на пазарот која станува се пожестока, се бори со таквата конкуренција на начин што нема да ја загрози долгорочната перспектива за развојот на банката. Бидејќи со инестирањето во банката, како акционери значи дека имате доверба во банката и верувате дека банката ќе ви донесе дивиденда не само оваа година, туку и наредната и понаредната година. Исто така се осврна на прашањето за остварениот резултат и што понатаму. Потсети дека само пред две недели сите носевме маски, практично минатата година беше ако може да се каже замрзната и низ сите тие пребрежија и банкарскиот сектор требаше да покрие. Банкарскиот сектор помина одлично во дадените околности и треба сите да бидеме задоволни со остварените резултати во 2021 година во услови на пандемија. Исто така истакна дека никој не предвидувал дека ќе има војна во Украина и ќе се случуваат други неповолни работи, а банката како одговорна институција која се грижи за иднината, мора да ја сочува основата и согласно барањата на регулаторот, за да се обезбеди дивиденда која акционерите ја добиваат оваа година и наредната и по наредната година и т.н. Персективата на Банката како членка на Групацијата на НЛБ е многу добра, во однос на перспективата на други банки во земјите во регионот, изгледите се тука и за во иднина. И од тој аспект потенцира како независен член на Надзорниот одбор се труди лично да даде придонес, грижејќи се она што акционерите се загрижени. Она што во овој момент може да го искаже е дека банката е во добри раце и истата се движи во правилна насока, па посака да се зборува за поголеми дивиденди, но и контекстот и околината да бидат подобри и пооптимистички. За збор се јави акционерот Благој Митров кој истакна дека е јасно добивката да се распределува во три дела и тоа еден дел во резерва што е потребна за адекватноста на капиталот, вториот дел за дивиденда и третиот дел расположлив за поделба во следниот период. Тој дел во следниот период не се подели и претпоставува дека постои загриженост за адекватноста на капиталот или за влошување на резултатите во иднина, за да се покрива адекватноста на капиталот и слично, па праша дали е точно и имали шанса до крајот на годината да се подели уште една дивиденда. Одговор даде членот на Управниот одбор Игор Давчевски кој истакна дека вистинскиот збор е претпазливост. За ова зборуваме изминатиот период и сега независниот член на Надзорниот одбор Г-дин Јовановски елаболираше пошироко. Улогата на менаџментот на Банката е да се грижи вредноста на капиталот на нејзините сопственици и во таа насока се работи и постапуваме. Распределбата на добивката односно износите кои ќе бидат распределени како дивиденда се повторно во рацете на акционерите, по предлог на органите на Банката, но економската ситуација, желбата за иден раст на Банката, обезбедувањето на капиталната адекватност е причина за ваквата предлог одлука. Идниот раст треба да донесе нова вредност на акционерите, како во вредноста на исплатената дивиденда, така и во вредноста на акцијата, која што е со најмал раст во 2021 година. Тоа докажува дека оние инвеститори кои ги читаат извештаите на Банката, веруваат во структурата, инвентивноста, планските резултати и во управувањето на банката и на долг рок тоа е во корист на акционерите. За збор се јави акционерот Тихомир Мукаетов и констатира дека се зборува само за "големата слика", но него го интересира "микро сликата" односно колку ќе изнесува дивидендата во однос на добивката. Овде се слуша дека во цената на акцијата најголема заслуга има успехот на банката, тоа е точно, но сепак повеќе влијаат и други фактори. Исто така, истакна дека не се сложува дека цената на акцијата е во исклучителна заслуга на управувањето со Банката. На ваквата констатација одговор даде членот на Управниот одбор Игор Давчевски кој истакна дека не точно дека го има тоа кажано, туку дека инвеститорите го препознаваат работењето на Банката и инеститорите кои тргуваат со акциите ги читаат извештаите, резултатите годишни, полугодишни и квартални и на тој начин вреднуваат и инвестираат, тоа е таа слика меѓу другото. Повторо зема збор акционерот Тихомир Мукаетов и истакна дека она што се бројки се достигнување на Банката, а она што е над него е верување, а верувањето е многу поголемо од резултатите на Банката и даде констатација дека не е добро за имиџот на банката да падне толку драстично дивидендата, него треба да биде малку по малку. За збор се јави акционерот Моме Веселиноски кој истакна дека не е добро што вредноста на акцијата за еден ден паднала од 7% до 9% веднаш штом е објавена предлог одлуката за износот на дивидендата, па предложи да се даде колку што треба и за Банката и за акционерите и ако треба помош, како порано да се земе субординиран кредит. На ваквата констатација за збор се јави членот на Управниот одбор Петер Зелен кој истакна дека Народната банка повеќе не дозволува да во барањето за капитална адекватност влага и субординираниот кредит, а кое стапува на сила 01.01.2023 година. А за такво барање од сега е многу краток периодот и треба да се свика ново Собрание, што е---

невозможно. Исто така истакна дека треба да се задржи профитот и тоа треба да се балансира. Предизвиците се големи, неизвесноста е голема и треба да се припреми банката за оваа нова ситуација и затоа е предлог одлуката да не се распредели целата дивиденда. Имаме голема криза, има промени во регулативата, амбицијата на Банката е голема и е на долг рок. Ризиците во овој момент се големи и гледајќи го денес профитот Банката треба да ја припремиме за во иднина. По дискусијата, Претседавачот на собранието Предлог-Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница и е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 742.991 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ 3.682.------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.------------------

Се премина на точка <u>11 од Дневниот ред</u> **Предлог – одлука** за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година.------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно член 487 од Законот за трговски друштва по одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба Собранието на акционери го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според родот и класата на акциите. НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 обични акции и секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции кои ги поседува.Износот на дивиденда е 738 МКД бруто дивиденда по акција, а датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 26.05.2022 година. Планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата започнува да се исплаќа на датум е 13.06.2022 година, 30-от ден од одржувањето на Собранието на НЛБ Банка АД Скопје. Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор. За збор се јави акционерот Венко Темелковски кој истакна дека многу му е драго што лично предизвикал дискусија и се заблагодари на независниот член на Надзорниот одбор за објаснувањето, кој го почитува неговото мислење и објаснувањето на членот на Управниот одбор Петер Зелен кој ја гледа општата слика и перспективата на Банката, но сепак мора да бидат разбрани и инвеститорите и малите акционери. Како акционер сака голема дивиденда, но тоа да не е на штета на Банката, тоа би значело да си ја исечеме гранката или коренот да го затруеме. Сепак, смета дека премногу претпазливо се однесува менаџментот на Банката, а на штета на дивидедната уште од 2019 година, што не значи дека како акционер не дека не е задоволен, сепак се работи за најдобра Банка на годината и за три година инкасирала 100 милиони евра и испрати честитики, но го изрази своето незадолство од претераната претпазливост, па така од некоја си 30 евра дивиденда во апроксимативен износ, истата преполовена, заради регулативата, а од 01.01.2023 година и не може ни да се бара субординиран кредит, што не го знаел, но мора Банката да ги разбере и акционерите и мора да го искаже своето незадоволство, како во претходната точка. Исто така истакна дека падот на дивидендата било очекувано, не официјално и е приближно слична како претходните години, а сепак резултатите се најдобри во претходните три години, што е за поздравување, се работело домаќински, да опкружувањата се тешки што е факт, но во ненормална криза во пандемијата, банките во Македонија бележат најголем профит, што е сепак за поздравување, но сепак е незадоволен од преголема претпазливост. И истакна дека охрабрува зошто и другите банки теоретски ја имаат почуствувано војната, кризите и слично. Како никој друг не се јави за збор, Претседавачот на собранието Предлог-Одлуката за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година, која е прилог кон материјалите за оваа седница и е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 742.991 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ 3.682.------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.------------------

Се премина на точка <u>12 од Дневниот ред</u> **Предлог – одлука за назначување друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година.**------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор предлага, а Собранието на банката избира друштво за ревизија на Банката. Согласно насоките за ревизија на------

финансиските извештаи на членките на НЛБ Групацијата, избраното друштво за ревизија од страна на НЛБ д.д. треба да врши ревизија на финансиските извештаи на сите членки на НЛБ Групацијата, со исклучок на членките кои поради законски барања мора да извршат избор на друго друштво за ревизија или кога членката има други правни ограничувања при избор на друштво за ревизија. За ревизор на НЛБ Групацијата за 2022 година е избрано Друштвото за ревизија „Ернст и Јанг овластени ревизори" ДОО Скопје. Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката за назначување друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------

Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за назначување друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.----------------------------------------------

Се премина на точка 13 од Дневниот ред **Информација** за резултатите од извршената оцена на соодветноста на г.Боштјан Ковач за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.-----------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека, во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, оцената на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор може да се изврши и по именувањето на членот на Надзорниот одбор од Собранието на Банката, но најдоцна во рок од еден месец по неговото именување, но пред добивање на согласноста од гувернерот на Народната банка. Боштјан Ковач беше именуван за член на Надзорниот одбор на Банката на Собранието на акционери на Банката одржано на 03.02.2022 година. Одлуката за позитивна оцена на соодветноста беше донесена на седницата на Надзорниот одбор одржана на 27.01.2022 година. Со остварената оцена се потврди соодветноста на Боштјан Ковач за член на Надзорниот одбор на Банката. Информацијата за резултатите од извршената оцена на соодветноста на г.Боштјан Ковач за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје е прилог кон материјалите за оваа седница, а која е и прилог на овој записник, па праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, констатира дека Собранието ја разгледа и прифати Информацијата за резултатите од извршената оцена на соодветноста на Боштјан Ковач за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.-----------------------------------------

Се премина на точка 14 од Дневниот ред **Предлог – одлука** за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.----------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека, измените на Статутот се вршат поради дополнување на предметот на работење на Банката со нова финансиска активност на Банката – продажба и/или откуп на удели од инвестициски фондови согласно добиеното Решение за претходна согласност од страна на гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.-------------

Дополнително со измените се врши усогласување на постојните одредби на Статутот со организационите промени во Банката од аспект на реорганизација на Секторот за управување со ризици во два посебни сектори и тоа: Сектор за кредитни ризици и Сектор за ризици, евалуација и контрола, а согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места на НЛБ Банка АД Скопје одобрен од страна на Надзорниот одбор на Банката. Со цел дигитализација и рационализација на работата на Управниот одбор, со измените на Статутот се предвидува нова можност за одржување седници преку користење дигитална платформа/ софтверско решение наменета/то за електронско евидентирање на процесот на гласање. Согласно новиот Кодекс за корпоративно управување објавен од Македонски берза, донесен на 26.10.2021 година, Банката врши и доусогласување на Статутот со добрите практики предвидени во новиот Кодекс.Претседавачот на собранието по Предлог – одлуката за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје која е прилог кон материјалите за оваа седница и е прилог на овој записник, праша дали некој бара збор. Како никој не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог-Одлуката, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.673 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------

Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката.----------------

Поради исцрпување на дневниот ред, Претседавачот го заклучи Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје во 14:22 часот (четиринаесетчасотидваесетидвеминути).------------------------

Овој записник лично го составив на четиринаесет страници на четиринаесет листа, го следев целокупниот тек на седницата на Годишното собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавач на Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**------------------

______________________________с.р.------------------------------------------

Акционер **Маја Ставрева - Стојанова** ------------------------------------------------------------

При составување на записникот се издадени изводи еден за учесникот НЛБ Банка АД Скопје со сите прилози кон оваа исправа и еден без прилози кон оваа исправа, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија со сите прилози кон оваа исправа, еден за упис во Централен Регистар на Република Северна Македонија-Трговски регистар и регистар на други правни лица, без прилози кон оваа исправа, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.---------------------------------------

Нотарска награда по член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *15.500,оо* денари и надоместок на трошоци по член 52 од Нотарската тарифа е пресметан во износ од *1.680,00* денари.---

ОДУ.бр.231/22--------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје 2022.05.12-Двеилјадитаидваесетивтора година, месец мај, ден дванаесетти.------------------

**НОТАР**
**НАДА ПАПИЌ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на град
НОТАР
НАДА
ПАПИЌ
СКОПЈЕ